Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“ бр.24/08, бр.91/09, бр.124/2010, бр.18/2011), член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 точка 8 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на општина Василево“ бр. бр.04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата седница одржана на **26.11.2014** година ја донесе следната :

**П Р О Г Р А М А**
**За изработка на урбанистички планови**
**во општина Василево за 2015 година**

1.В О В Е Д

Годишната програма за изработка на урбанистички планови на општина Василево за 2015 година претставува основа за изработка и донесување на Урбанистички ппланови за населените места во општината, основа за уредување и опремување на градежното земјиште и е дел од потребната документација за добивање согласност за изработените планови од Министерството за транспорт и врски.

1. Планирани активности

Ф1. Урбанистичко планирање 2.150.000 денари

1. Во текот на 2015 година во општина Василево ќе се изработат следните урбанистички планови:

1.1 Урбанистички план за населено место Василево Блок бр.3- 550.000 денари
1.2 Урбанистички план за населени места Градашорци – Ангелци 500.000 денари
1.3 Урбанистички план вон населено место – викенд населба на брана Турија 300.000 денари
1.4 Урбанистички план за населено место с.Пиперео со детална разработка на еден блок 800.000 денари
1.5 Урбанистички план вон населено место Владевци за КП бр.1161 и КП бр.1164 во КО Владевци
1.6 Изработка на локална урабнистичко планска документација за КП бр.399,КП бр.402,КП бр.403,КП бр.404,КП бр.405, КП бр.407/1, КП бр.408, КП бр.409 и КП бр.410, м.в.Гладно Поле, КО Градошорци,општина Василево
1.7 Изработка на локална урабнистичко планска документација за КП бр.112, КП бр.113, КП бр.432, м.в.Големевка, КО Градошорци,општина Василево

3.Финансирање

Средствата за активностите предвидени во точка 1.1; 1.2: 1.3; и 1.4; ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево.Средствата за активностите предвидени во точка 1.5; 1.6: 1.7 немаат финансиски импликации на Буџетот на општина Василево за 2015 година и истите ќе се обезбедат од физиќки лица.

4.Завршни одредби

Во текот на годината во зависност од потребите, Програмата може да претрпи измени и дополнувања.

Начинот и динамиката на реализација на оваа Програма ќе зависи од приливот на финансиските средства.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Василево“.

Бр.07-2334/1
27.11.2014г.
Василево

Совет на општина Василево
Претседател,
Илчо Колев с.р.